


## ДЕЛ ОД ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ИЗРАЕЛ

**Израел, или на еврејски Medinat Israel, е еврејска држава во Палестина, во Ветената земја на Евреите, во која дошле по ропството во Египет и долгото лутање по пустината. Името, пак, Палестина, на еврејски Erez Israel (потекнува од Филистејците) најголемите непријатели на Евреите, го добила од Римјаните. Сите настани во Светото Писмо (Библијата) се случувале токму во Палестина, која секогаш е третирана како родна земја на Евреите.**

Зборот Евреи, на еврејски *Ivrim* има неколку значења. Едно од значењата е: *дој-ден-ци, оние кои дошле од друга земја*
, име со кое другите народи ги нарекуваат Изра-ел-ците. Аврам се нарекувал Евреин, а Мојсеј добил запо-вед на фараонот да му преда-де порака од „еврејскиот Бог“.

Во Новиот завет, во Делата апостолски со името Евреи се нарекувале палестинските христијани, кои зборувале ев-рејски или арамејски. Не постои „еврејски“ или „еврејски јазик“ како ознака на древ-ниот јазик на Евреите во Стариот завет. Древниот еврејски јазик се нарекувал кана-ан-ски или јудејски јазик.

Из-разот „еврејски јазик“ што се среќава во Новиот завет се од-несува на арамејскиот ја-зик. Тој јазик во последните векови пред појавата на Исус Хрис-тос, го истиснал еврej-ски-от во богослужењето. Другото значење за името Евреи, ја означува семитската гру-па племиња кои дошле во Арабија и се населиле во Канаан.

Тие живееле како од-воени групи околу 1.000 години пред Христа кога опасноста од Филистејците ги при-нудила да се здружат под заедничкиот цар Саул. За време на владеењето на Давид и Со-ломон, Евреите доживеале најголем напредок, но по смртта на Соломон се подели-ле во две независни царства.


www.calxibe.com



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**